**Влада на Република Северна Македонија**

- СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ -

**Архивски број:** 04-2867/15

23-07-2026 **година, Скопје**

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 385/2026, со Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција бр.10-1432/17 од 21.07.2026 година од Агенција за администрација и наш бр.04-2867/14 од 21.07.2026 година, директорот на Службата за општи и заеднички работи на Влада на Република Северна Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. По Јавниот оглас број 385/2026 за вработување на административен службеник во Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, на работно место **УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за контрола на денарско и девизно работење и пресметка на плати, Одделение за сметководство и плаќања, Сектор за финансиско-сметководствено работење**, СЕ ИЗБИРА кандидатот:

- ВАЛЕНТИНА ГАЦЕВСКА СТЕФАНОВА, **со идентификациски код 6А13В41.**

2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од претходната точка по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе решение за вработување на административен службеник, негово распоредување и утврдување на висина на плата.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со Јавниот оглас број 385/2026 за вработување на административен службеник во Службата, објавен на ден 13.06.2026 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Слободен печат", „Нова Македонија" и „Коха", директорот на Агенцијата за администрација со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас Бр.10-1432/6 од 18.06.2026 година, Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1432/10 од 01.07.2026 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1432/13 од 13.07.2026 година формираше Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас.

Комисијата за селекција за вработување на ден 01.07.2026 година започна административна селекција, а заврши на ден 03.07.2026 година, за што изготви Записник

од извршената административна селекција за административен службеник Бр.10-1432/11 од 03.07.2026 година на Агенцијата за администрација и наш бр.04-2867/10 од 06.07.2026 година. На ден 16.07.2026 година Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник од спроведениот испит за административен службеник Бр.10-1432/15 од 16.07.2026 година, а на ден 17.07.2026 година спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за што сочинет е Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник Бр.10-1432/16 од 17.07.2026 година на Агенцијата за администрација и наш бр.04-2867/13 од 20.07.2026 година.

По спроведените фази од постапката за селекција за вработување, Агенцијата за администрација до Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија достави Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 385/2026 Бр.10-1432/17 од 21.07.2026 година на Агенцијата за администрација и наш бр.04-2867/14 од 21.07.2026 година со прилог Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување за работното место УПР0101Г01000 Самостоен референт за контрола на денарско и девизно работење и пресметка на плати, Одделение за сметководство и плаќања, Сектор за финансиско-сметководствено работење, со кој за вработување се предлага кандидатот Валентина Гацевска Стефанова, со идентификациски код 6А13В41, со вкупен број на освоени бодови од сите фази на селекција 79.93.

Согласно член 45, став (1) од Законот за административни службеници, секретарот односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи го во предвид сето претходно изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.**

**Служба за општи и заеднички работи**
**на Влада на Република Северна Македонија**
**ДИРЕКТОР**
**м-р Ивица Томовски**

Подготвил: Александра Антевска
Контролирал: Љупчо Димитровски
Одобрил: Даниела Гугушевска

Доставено до:
- Избраниот кандидат;
- Сектор за управување со човечки ресурси;
- Агенција за администрација;
- Архива;